**НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 47 став 1 точка 6 од Законот за Народната банка на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 158/10, 123/12, 43/14, 153/15 и 6/16), член 27-ѓ став 4 и член 46 став 2 од Законот за платниот промет („Службен весник на Република Македонија" бр. 113/07, 22/08, 159/08, 133/09, 145/10, 35/11, 11/12, 59/12, 166/12, 170/13, 153/15 и 199/15), Советот на Народната банка на Република Македонија донесе

# О Д Л У К А
# за доставување податоци за извршените активности во платниот промет

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

1. Со оваа одлука се пропишува обврската за доставување податоци за извршените активности во платниот промет, содржината, начинот и роковите за доставување на податоците до Народната банка на Република Македонија (во натамошниот текст: Народната банка).

2. Извештајни единици за доставување податоци за извршените активности во платниот промет (во натамошниот текст: известувачи) се:

   - банките, издавачите на електронски пари, правните лица кои се вклучени во платен систем или вршат други услуги поврзани со плаќањата, посредниците при микроплаќањата и останати обезбедувачи на платежни услуги (во натамошниот текст: обезбедувачи на платежни услуги) и

   - операторите на платните системи.

## II. ВИДОВИ ПОДАТОЦИ

3. Известувачите доставуваат податоци за:

   - сметките за вршење плаќања;

   - платежните картички;

   - уредите коишто прифаќаат платежни картички;

   - платежните трансакции по типот на платниот инструмент;

   - платежните трансакции по типот на уредот;

   - типовите на учесниците во платните системи, и

- плаќањата обработени преку платните системи.

Известувачите се должни да ги доставуваат податоците од алинеите 3, 4 и 5 од оваа точка од аспект на поединечните земји на кои се однесуваат.

4. Известувачите се должни да доставуваат податоци и за:

- вкупниот број на трговци и вкупниот број на продажни места на трговците во земјата кои се клиенти на обезбедувачот на платежни услуги и прифаќаат негови картички;

- надоместоците на продажното место коишто се наплатуваат од трговците, и

- надоместоците коишто се наплатуваат од имателот на платежната картичка.

## III. НАЧИНИ И РОКОВИ НА ДОСТАВУВАЊЕ НА ПОДАТОЦИТЕ

5. Известувачите се должни да ги достават податоците од точка 3 од оваа одлука на месечна основа по електронски пат, преку електронскиот систем на Народната банка за платежна статистика, најдоцна до петнаесеттиот работен ден од тековниот месец, за претходниот месец.

6. Известувачите се должни да ги достават податоците од точка 4 од оваа одлука на годишна основа по електронски пат, преку електронскиот систем на Народната банка за платежна статистика, најдоцна до петнаесеттиот работен ден од месец јануари, за претходната година.

7. Доставените податоци коишто се однесуваат на поединечни известувачи се од доверлив карактер.

## IV. ОБЈАВУВАЊЕ НА ПОДАТОЦИТЕ

8. Народната банка ги објавува податоците месечно, односно годишно во агрегирана форма, на својата интернет-страница, со исклучок на податоците од точка 4 алинеи 2 и 3, коишто ќе се употребуваат само за аналитички цели на Народната банка и нема да бидат предмет на објавување.

## V. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

9. Гувернерот на Народната банка со упатство ги одредува видот, описот и начинот на доставување на извештаите со податоците од точките 3 и 4 од оваа одлука.

Упатството од став 1 на оваа точка ќе биде донесено најдоцна во рок од еден месец од денот на влегувањето во сила на оваа одлука.

Известувачите, согласно со оваа одлука, доставуваат месечни податоци од извештајниот период којшто започнува во јануари 2016 година и годишни податоци од извештајниот период којшто започнува во 2015 година. Месечните

податоци за јануари, февруари и март 2016 година и годишните податоци за 2015 година ќе се доставaт најдоцна до 30 април 2016 година.

10. Од денот на применувањето на оваа одлука, престанува да важи Одлуката за доставување на податоци за извршените активности во платниот промет („Службен весник на Република Македонија" бр. 146/07 и 50/13).

11. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе се применува од 1 април 2016 година.

**О.бр. 02-15/II-3/2016**
**25 февруари 2016 година**
**Скопје**

**Гувернер и**
**претседавач**
**на Советот на Народна банка на**
**Република Македонија**
**Димитар Богов, с.р.**